Предлог

Врз основа на член 36, став 1, точка 15 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.5/02 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.202/24), член 24 став 3 од Законот за ученичкиот стандард („Службен весник на Република Македонија“ бр. 52/05, 117/08, 17/11, 135/11, 15/13, 41/14, 146/15, 30/16, 64/18 и 20/19 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 248/20, 302/20, 235/24 и 111/26) и член 52 став 1 од Статутот на Општина Велес („Службен гласник на Општина Велес“ бр.01/26),

Советот на Општина Велес на 16-та седница одржана на ден __.10.2026 година донесе,

Р Е Ш Е Н И Е
за давање согласност за формирање на воспитна група со помал број ученици на ОУД „Лазар Лазаревски“ Велес за учебната 2026/2027 година

1.Со ова Решение се дава согласност на ОУД „Лазар Лазаревски“ Велес да формира воспитна група со помал број ученици од законски предвидениот минимум за учебната 2026/2027 година и тоа:

- 1 (една) воспитна група со 12 (дванаесет) ученици.

2. Ова Решение влегува во сила со денот на донесување,а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Велес“.

Претседател
на Советот на Општина Велес
Даниел Јаневски с.р.

Образложение

До Советот на Општина Велес од страна ОУД „Лазар Лазаревски“ Велес доставено е барање со бр.09-3725/1 од 02.09.2026 година за добивање согласност за формирање воспитна група со помал број ученици од законски предвидениот минимум за учебната 2026/2027 година.

Во прилог на барањето доставено е Известување од страна на Државен просветен инспекторат на Република Северна Македонија со кое се дава согласност за формирање воспитна група со помал број ученици од законски предвидениот минимум за учебната 2026/2027 година со бр.09-3725/2 од 16.09.2026 година.

Согласно член 24 став 3 од Законот за ученичкиот стандард („Службен весник на Република Македонија“ бр. 52/05, 117/08, 17/11, 135/11, 15/13, 41/14, 146/15, 30/16, 64/18 и 20/19 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 248/20, 302/20, 235/24 и 111/26): „Воспитната група може да се формира и со помал број ученици, по претходно добиена согласност од основачот во согласност со Државниот просветен инспекторат“.

Врз основа на горенаведеното, се предлага ова Решение до Советот на Општина Велес.

Општински ученички дом
ЛАЗАР ЛАЗАРЕВСКИ
Бр. 08-241/1
02.09.2026 год.
Велес

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
ОПШТИНА ВЕЛЕС
Прим. 02 -09- 2026
Орг. един. | Б. | Бр. | Вредност.
09 - 3725/1

До

Совет на Општина Велес

ул:„Панко Брашнар“бр.1

Предмет: Барање согласност

Почитувани,

Врз основа на објавениот Конкурс за прием на ученици во јавните ученички домови во Република Северна Макединија за учебната 2026/2027 година, за ОУД„Лазар Лазаревски“Велес, објавен е вкупен број на легла за 221 ученик.

Во првиот и вториот уписен рок, односно до 31.08.2026 година, барања за сместување во Домот доставија вкупно 71 ученик. Сите доставени барања се со комплетна документација и вкупно 71 ученици ги исполнуваат условите за сместување.

Образложение:

Во ОУД„Лазар Лазаревски“Велес на неопределено со полно работно време работат 4 (четири) воспитувачи. Согласно член 24 став 2 од Законот за ученички стандард (Сл.весник на Р.М. бр.52/2005, 117/2008, 17/2011, 135/2011, 15/2013, 41/2014, 146/2015, 30/2016, 64/2018 и Сл.весник на Р.С.М. бр. 20/2019, 248/2020, 302/202 и 235/2024), бројот на учениците во воспитната група во ученичките домови не може да биде помал од 20 и поголем од 34 ученици.

Согласно погоре наведеното го доставуваме ова барање за добивање на согласност за формирање на воспитна група со помал број на ученици.

Со почит,

Општински ученички дом ЛАЗАР ЛАЗАРЕВСКИ Велес Република Северна Македонија

ОУД„Лазар Лазаревски“Велес
Директор,
Александар Каракачанов

Архивски знак: 0906
Рок на чување: Бројно
20 ___ год
Потпис,

Република Северна Македонија
Државен просветен инспекторат
Бр. 31-54/2
Дата: 15.09.2026 год.
Велес

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
ОПШТИНА ВЕЛЕС
Примено: 16 -09- 2026
Орг. един. | Бр. | Прилог | Вредност
09 | 3725/2 | 1 |

До
Општина Велес-Советот на општина Велес
Ул.„Панко Брашнаров " бр.1
1400 Велес

Предмет: Известување

Почитувани,

Ве известувам дека по доставено доставено барање со дел.бр. 08-241/2 од 02. 09.2026 год од Општински ученички дом(ОУД)„Лазар Лазаревски" со седиште на Ул.„Д-р Христо Татарчев„ бр.3 Велес и истото евидентирано со дел.бр. 31-1177/1 од 04.09.2026год во Државниот просветен инспекторат –Скопје и за истото е издаден налог од директорот на ДПИ бр. 31-1177/2 од 04.09.2026 година , до Државниот просветен инспектор – Велес каде е заведен со бр. 31-54/1 о14.09.2026 година, а во врска со постапување во однос на доставено Барање од Општински ученички дом(ОУД)„Лазар Лазаревски" со седиште наУл.„Д-р Христо Татарчев„ бр.3 Велес,Матичен број (ЕМБС): 4024443, Даночен број (ЕДБС): 4004979102615, и одговорното лице директорот Александар Каракачанов за согласност за формирање воспитна група со помал број на ученици, врз основа на кое, од страна на Советник државен просветен инспектор Гордан стојчевски, на ден 15.09.2026 год. е извршен вонреден инспекциски надзор во Општински ученички дом(ОУД)„Лазар Лазаревски" со седиште Велес.

Од извршениот вонреден инспекциски надзор е составен Записник ИП1 бр. 31-43/Велес од 15.09.2026 година. Во изготвениот записник по утврдената фактичка состојба во однос на предметот на надзорот и согласно надлежностите на државниот просветен инспекторат, е констатирано дека ученичкиот дом, според моменталниот број на запишани 72 ученици во Општински ученички дом, во моментот на инспекцискиот надзор го исполнува условот согласно член 24 став 2 од Законот за ученички стандард за формирање на 4(четири)воспитни групи и тоа 3(три) со 20 ученика и една со помал број-12(дванаесет) ученика при што согласно член 24 став 3 од Законот за ученички стандард , ученичкиот дом има потреба од согласност за формирање на една воспитна група со помал број на ученици.

Оттука, а согласно член 24 став 3 од Законот за ученички стандард Ви го испраќаме ова Известување за Ваше запознавање и понатамошно постапување.

Со почит,

Советник Државен просветен инспектор,
Гордан Стојчевски Легитимација со рег. бр. 021-0003

М.П.

Министерство за образование и наука на Република Северна Македонија
Државен просветен инспекторат
Ministria e Arsimit dhe Shkencës e Republikës së Maqedonisë së Veriut
Inspektorati Shtetëror i Arsimit

Ул. „Св. Кирил и Методиј" бр. 54, Скопје
Република Северна Македонија
Rr. „ Shën Kirili dhe Metodi " nr. 54 Shkup
Republika e Maqedonisë së Veriut

+389 2 3140 103
www.dip.gov.mk